Република Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**С К О П Ј Е**

# I. ПОКАНА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПОНУДА

Почитувани,

Министерството за финансии, со адреса на ул.”Даме Груев”, бр.14 – Скопје, има потреба од набавка на услуга - годишна претплата на “Storage System“ во траење од 12 месеци.

За таа цел, договорниот орган спроведува постапка со барање за прибирање на понуди за доделување на договор за јавна набавка на услуга, во согласност со член 100 став 1 алинеја 2 и член 102, став 9 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр. 136/07 и 130/08), за што објави оглас бр.06-1/2010.

Ги покануваме заинтересираните економски оператори да ни достават понуда за горенаведениот предмет на договорот за јавна набавка најдоцна до 26.07.2010 година, до 12 часот на горната адреса или директно во писарницата на Министерството за финансии.

Во прилог на оваа покана е тендерската документација која ги содржи сите информации кои ќе помогнат за изработка на понудата. Тендерската документација се состои од следните делови: инструкции за економските оператори, технички спецификации, модел на договор и образец на понуда.

Заинтересираните економски оператори можат да ја подигнат тендерската документација од веб страницата https://www.e-nabavki.gov.mk.

Тендерската документација може да се земе без надоместок.

Само економските оператори што подигнале тендерска документација, имаат право да достават понуда за учество во постапката.

Тендерските документи се достапни на македонски јазик.

Лица за контакт во врска со предметот на набавката:

- Татјана Трајковска (тел. 3106-173,

  електронска адреса: tatjana.trajkovska@finance.gov.mk) и

- Деан Настовски (тел. 3106-475,

  електронска адреса: dean.nastovski@finance.gov.mk)

При спроведувањето на постапката со барање за прибирање понуди како последна фаза во постапката ќе се користи електронска аукција согласно со член

121 од Законот за јавните набавки. Отворањето на понудите ќе се одржи на 26.07.2010 година, во 12,00 часот. Комисијата за јавни набавки кај договорниот орган ќе изврши целосна евалуација на способноста и на првичните понуди на понудувачите согласно со условите и критериумите наведени во тендерската документација. По првичната евалуација на понудите се генерира ранг листа на прифатливи понудувачи кои договорниот орган ќе ги покани да учествуват во електронската аукција.

Однапред благодариме на соработката.

Во Скопје, 08.07.2010 година

Комисија за јавни набавки
Претседател

______________________________

/Татјана Трајковска/